ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА
ВАРДАРСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН ВЕЛЕС

| Примено: 18.03.2022 | | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 08 | 43 | 13 | |

# ЗАПИСНИК

од прва форумска сесија во Вардарскиот плански регион

**Датум: 11.03.2022 година, Место: Хотел Интернационал Палас Велес, Час: 10:00 часот**
**Присутни граѓани:** Вкупно: **63**
Мажи: **22** Жени: **41** Ранливи групи: **3**
**Модератор** Игор Тасевски, **Ко-модератор** Душица Габерова

**Програма на сесијата** (точки, според дневниот ред на дадената сесија):

- Пристигнување и регистрација
- Обраќања
- Претставник на Вардарски плански регион
- Избор на приоритетни области за проектите финансирани од Грантова шема за инвестициски проекти со дигитална компонента
- Структурирање на форумот/распределување по работни маси
- Утврдување на правила за работа
- Презентација на форумскиот процес
- Идентификација и дефинирање на приоритетни регионални проблеми поврзани со избраните области со кои се соочува планскиот регион, а кои се финансирани од Грантова шема за инвестициски проекти со дигитална компонента на МЛС и СДЦ;
- Дискусија по работни маси и презентација
- Презентирње на проблемите
- Кафе Пауза
- Идентификација и дефинирање на приоритетни регионални проблеми поврзани со избраните области со кои се соочува планскиот регион, а кои се финансирани од Програмата за регионален развој за 2022 година со индикативни средства за 2023 година на МЛС и БРР.
- Дискусија по работни маси и презентација
- Презентирње на проблемите
- Оценка на форумската сесија
- Договор за следна сесија
- Ручек

**Тек и содржина на сесијата**
*Клучни презентации, говори, дискусии и предлози од граѓаните (по точки од дневниот ред)*

Обраќање од страна на в.д. Директорот на Центарот за развој на Вардарскиот плански регион, на сите учесници им посака добредојде и успешна работа. Вооедно на кратко ги презентираше петте стратешки цели на Програмата за развој на вардарскиот плански регион, со цел усогласување при изборот на двете приоритетни области на првата форимска сесија. Ко-модераторот за подетално објаснување се надоврза на презентацијата на областите со презентација на подобластите.
Учесниците на форумот од предложените пет области (инфраструктура, економски развој, животна средина, човечки потенцијали и задржување на младите) изгласа два приоритета и тоа **инфраструктура и животна средина**.
Понатаму следеа презентациите на модераторот и ко-модераторот за структурирање на

форумот/распределување по работни маси, утврдување на правила за работа и презентација на форумскиот процес.

- Во рамки на Грантова шема за инвестициски проекти со дигитална компонента на МЛС и СДЦ беа дискутирани проблемите со кои се соочува Вардарскиот плански регион во областите инфраструктура и животна средина и истите беа презентирани од страна на секоја од работните маси.

**Работната маса животна средина 2 ги детектираше следните проблеми:**
Регионален проблем со кучињата скитници, немање на стационар.
Немање на примарна селекција на отпадот
Аерозагаденост во урбани средини
Диви депонии покрај државни и локални патишта
**Работната маса социјални услуги ги детектираше следните проблеми:**
Немање на центар за рехабилитација на лица со попреченост и други маргинализирани групи
Недостаток на грижа за стари лица (инфраструктура и социјални услуги)
Немање на мобилни тимови за грижа на маргинализирани групи
**Работната маса туризам ги детектираше следните проблеми:**
Недоволно изградени локални патишта, велосипедски патеки и немање информативна инфраструктура
Недоволно се заштитени природните водотеци и вештачките езера
Непостоење на Макгеопарк
Поддржување на проблемот со кучиња скитници, бидејќи беше веќе предложен од масата животна средина 2
Непостоење на регионални депонии (в.д. директорката на Центарот напомена дека овој проблем се решава на национално ниво)
**Работната маса животна средина 1 ги детектираше следните проблеми:**
Решавање на проблемот со кучиња скитници
Немање на фотоволтаици на јавни згради
Немање искористеност на сончевата енергија како обновлив извор на енергија за јавни институции
Непостоење на систем за мониторниг и тревога на браната на езеро Младост
**Работната маса образование ги детектираше следните проблеми:**
Инфраструктурно неефикасни образовни институции и немање на фотоволтаици на истите
Немање на соодветни инфраструктурни услови за редовно функционирање на Специјалното основно училиште „Маца Овчарова“
**Работната маса спорт ги детектираше следните проблеми:**
Недоволно развиена спортска инфраструктура
Немање на интерес за спортски активности
Немање на слободни wi-fi зони

После кафе паузата, модераторот ги прашаше учесниците на форумот дали останува структурата по работни маси иста или сакаат да изберат нова работна маса. На ова едногласно учесниците одговорија дека нема промени во структурата продолжуваат на истите работни маси како и во првиот дел.

- Во рамките на Програмата за регионален развој за 2022 година со индикативни средства за 2023 година на МЛС и БРР беа дискутирани проблеми во сите пет области (инфраструктура, економски развој, животна средина, човечки потенцијали и задржување на младите) истите беа презентирани од страна на секоја од работните маси.

**Работната маса образование ги детектираше следните проблеми:**

Лоша инфраструктура на образовните објекти од регионално значење во Вардарскиот плански регион
**Работната маса спорт ги детектираше следните проблеми:**
Немање на соодветна туристичко-спортска инфраструктура
Недостаток на услуги за риболов
Недостаток на конкуренција и промоција на еколошки производи во мејоделството
**Работната маса туризам ги детектираше следните проблеми:**
Недостаток на пристапни објекти за инклузивен туризам
Нечисти улици, недостаток на вода во населените места што не се поврзани со водоводниот систем
Немање на проект за макгеопарк
**Работната маса животна средина 1 ги детектираше следните проблеми:**
Недоволна чистота на јавните површини и улици, намалена туристичка атрактивност
Немање на механизација за одржување на јавната чистота
Несфалтиран дел од регионалниот пат Скопје-Гевгелија Р1102
**Работната маса социјални услуги ги детектираше следните проблеми:**
Немање на регионален центар за стари лица и лица со попреченост
Немање на регионален шелтер центар за жени од семејно-насилство
Лоша состојба на просториите на урбани заедници (рурални)
Подобрување на условите на домот на НВО
Немање безбеден пристап до туристички атракции во Вардарскиот плански регион
Недостаток на пристапни објекти за инклузивен туризам
**Работната маса животна средина 2 ги детектираше следните проблеми:**
Немање на регионален спортски центар
Немање доволно урбанизирани спортско-рекреативни центри на отворено, со отворен и затворен дел
Неискористен потенцијал на младите за спорт
Немање спортски комплекс
Отежнат пристап до планински масиви Јакупица и Даутица во општина Чашка
Отежната инфраструктура во населени места, изградба на обиколници и собраќајници
Регионални проблеми со зелена повржина во форма на Младински паркови
Немање доволно производство на домашни традиционални производи од млади лица
Немање на производство на биомаса за производство на храна (недостаток на едукативни центри)
Проблем- климатски промени

По презентациите на проблемите модераторот и ко-модераторот извршија групирање на проблемите и врз основа на истите, помеѓу првата и втората сесија надворешниот експерт ќе подготвува минимум 3 концепт решенија за Грантовата шема на МЛС/СДЦ и за Програмата на МЛС/БРР за рамномерен регионален развој за 2022 година со индикативно планирани средства за 2023 година. При подготовката на концепт решенијата надворешниот експерт ќе добие техничка и логистичка поддршка од ЦРВПР и општините во ВПР, а доколку е потребно и од останатите учесници на форумските сесии. Подготовката на концепт решенијата вклучува теренска посета или зум состаноци. Користејќи ја поддршката, експертот ќе обезбеди информација за изводливост од технички, административно-правен и финансиски аспект. За секој од концепт решенијата надворешниот експерт задолжително ќе направи анализа на корисност на трошоци, користејќи го методот „најдобра вредност за потрошените средства“ (best value for money).

На крај од првата форумска сесија се поделија евалуационите листи каде што учесниците имаа можност да го оценат истиот.
Модераторот, ко-модераторот и сите учесниците на форумот неофицијалнон го предложија денот 21.04.2022 за одржување на втората форумска сесија.

*Заклучоци и препораки*

| |
|---|
| / |

**Резултати од евалуација на форумската сесија:**

**Пол:**

| ВКУПНО 59 | МАЖИ | ЖЕНИ |
|---|---|---|
| | 22 | 41 |
| 100% | 34% | 66% |

**Возраст:**

| ВКУПНО 59 | 18 – 34 | 35 – 60 | над 60 |
|---|---|---|---|
| | 19 | 35 | 4 |
| 100% | 32% | 60% | 8% |

**Етничка припадност:**

| ВКУПНО | Македонци | Албанци | Турци | Власи | Срби | Роми | Друго |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 59 | 57 | 1 | / | / | 1 | / | / |
| 100% | 97% | 1,5% | / | / | 1,5% | / | / |

**Дали сметате дека припаѓате на некоја ранлива категорија:**

| ВКУПНО 59 | НЕ | ДА |
|---|---|---|
| | 56 | 3 |
| 100% | 95% | 5% |

- Ако е да ДА, наведете која:

- стари лица 1
- самохрани родители 2

**Дали ја сметате денешната форумска сесија за корисна?**

| ВКУПНО 59 | НЕ | ДА |
|---|---|---|
| | / | 59 |
| 100% | / | 100% |

**Дали сметате дека оваа форумска сесија постигна позитивни резултати и ги оствари Вашите очекувања?**

| ВКУПНО 59 | НЕ | ДА |
|---|---|---|
| | 2 | 57 |
| 100% | 3% | 97% |

**Од 1 до 5 (каде 5 е најдобра оценка) како ја оценувате форумската сесија (од аспект на квалитет, организација и спроведување)?**

| ВКУПНО 58 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|---|
| | / | / | 3 | 14 | 41 |
| 100% | / | / | 5% | 24% | 71% |

**Дали ќе присуствувате на следната форумска сесија?**

| ВКУПНО 59 | НЕ | ДА |
|---|---|---|
| | / | 59 |
| 100% | / | 100% |

**Ве молиме означете го Вашето занимање:**

| ВКУПНО 59 | Ученици / Студенти | Невработени | Пензионери | Ангажирани во јавни институции | Ангажирани во бизнис сектор | Ангажирани во граѓански сектор | Ангажирани во земјоделство и сточарство |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 3 | 3 | 2 | 38 | 1 | 12 | / |
| 100% | 5% | 5% | 3% | 64% | 2% | 21% | / |

**Доколку имате коментари за форумската сесија, Ве молиме да ги запишете:**

Со посветеност и позитивен пристап до остварување на замислените цели.

Корисна форумска сесија од која учесниците црпат искуства за понатамошно делување и дејствување во сите области.

Форумската сесија беше корисна и се постигнаа позитивни резултати.

Просторијата кај што се одржува форумската сесија е ладна.

Одлична организација.

Многу учесници, а мал простор.

Продолжуваме до целта.

Течна и успешна работа.

Организација на ниво.
Формирањето на групите не беше функционално.
Бројот на млади лица треба да се зголеми

**Прилози:**

- ☐ Покана и дневен ред, Листа на учесници – општ список, Листа на учесници по работни маси
- ☐ Фотографии

Записникот го водел/а
Игор Тасевски

**Прилози-** Табела согласно активности по сесија

**Табела 1.1.** Приоритетни области (сесија 1)

| **Р. бр.** | **Област** | **Предложено од** | **Рангиран/избран** | **Забелешка** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **инфраструктура** | ЦРВПР | Освоени 31 глас<br>**прво рангиран/избран** | / |
| 2 | економски развој | ЦРВПР | Освоени 17 гласа<br>трето рангиран/не е избран | / |
| 3 | **животна средина** | ЦРВПР | Освоени 26 гласа<br>**второ рангиран/ избран** | / |
| 4 | човечки потенцијали | ЦРВПР | Освоени 4 гласа<br>петто рангиран/ не е избран | / |
| 5 | задржување на младите | ЦРВПР | Освоени 14 гласа<br>четврто рангиран / не е избран | / |

**Табела 1.2.** Идентификувани клучни проблеми и препораки од првата форумска сесија (сесија 1)

| **Дефиниран проблем** | **Препорака за решавање-предлог идеа** | **Препорачано од/до** | **Забелешка** |
|---|---|---|---|
| **Регионален проблем со кучињата скитници, немање на стационар.** | Изградба на регионален стационар/прифатилиште за кучиња скитници. | **Работната маса животна средина 2** | |
| **Немање на примарна селекција на отпадот** | Обезбедување на примарна селекција на отпадот во комуналните институции во Вардарскиот плански регион. | **Работната маса животна средина 2** | |
| **Аерозагаденост во урбани средини** | Мерење на степенот на загаденост на воздухот и превземање на мерки за намалување на истите, преку јакнење на свеста и субвенционирање за бесплатни велосипеди. | **Работната маса животна средина 2** | |
| **Диви депонии покрај државни и локални патишта** | Набавка на соодветна механизација на јавните комунални во Вардарскиот плански регион за редовно функционирање на истите. | **Работната маса животна средина 2** | |
| **Немање на центар за рехабилитација на лица со попреченост и други маргинализирани групи** | Изградба на центар за рехабилитација со попречености и други маргинализирани групи. | **Работната маса социјални услуги** | |
| **Недостаток на грижа за стари лица (инфраструктура и социјални услуги)** | Изградба на старечки дом во Вардарски плански регион. | **Работната маса социјални услуги** | |
| **Немање на мобилни тимови за грижа на маргинализирани групи** | Формирање на мобилни тимови за грижа на маргинализирани групи во Вардарскиот плански регион од страна на соодветни јавни или невладини институции. | **Работната маса социјални услуги** | |
| **Недоволно изградени локални патишта,** | Подобрување на патната и спортска инфраструктура, преку | **Работната маса туризам** | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **велосипедски патеки и немање информативна инфраструктура** | изградба на патишта и велосипедски и пешачки патеки во вардарскиот плански регион. | | |
| **Недоволно се заштитени природните водотеци и вештачките езера** | Обезбедување соодветна заштита на природните водотеци и вештачки езера во Вардарскиот плански регион. | **Работната маса туризам** | |
| **Непостоење на Макгеопарк** | Изградба на Геопарк во Вардарскиот плански регион за заштита на природни споменици, класифицирани како геоморфолошки природни споменици. Исто така и промоција на геолошко, етнолошко, природно и историско културно наследство. | **Работната маса туризам** | |
| **Поддржување на проблемот со кучиња скитници, бидејќи беше веќе предложен од масата животна средина 2** | Изградба на регионален стационар/прифатилиште за кучиња скитници. | **Работната маса туризам** | |
| **Непостоење на регионални депонии** | (в.д. директорката на Центарот напомена дека овој проблем се решава на национално ниво) | **Работната маса туризам** | |
| **Решавање на проблемот со кучиња скитници** | Изградба на регионален стационар/прифатилиште за кучиња скитници. | **Работната маса животна средина 1** | |
| **Немање на фотоволтаици на јавни згради** | Набавка на фотоволтаици за јавни згради во Вардарскиот плански регион за намалување на трошоците на електрична енергија. | **Работната маса животна средина 1** | |
| **Немање искористеност на сончевата енергија како обновлив извор на енергија за јавни институции** | Искористување на сончевата енергија како обновлив извор на енергија и набавка на фотоволтаици за јавните институции во Вардарски плански регион. | **Работната маса животна средина 1** | |
| **Непостоење на систем за мониторниг и тревога на браната на езеро Младост** | Изградба на систем за мониторинг и тревога на браната на езеро Младост за заштита од многу можни последици, за што е изработена студија. | **Работната маса животна средина 1** | |
| **Инфраструктурно неефикасни образовни институции и немање на фотоволтаици на истите** | Искористување на сончевата енергија како обновлив извор на енергија и набавка на фотоволтаици за јавните институции во Вардарски плански регион. | **Работната маса образование** | |
| **Немање на соодветни инфраструктурни услови за редовно функционирање на** | Обезбедување на услови согласно стандардите и прописите за функциунирање на Регионалното | **Работната маса образование** | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Специјалното основно училиште „Маца Овчарова“** | специјалното основно училиште „Маца Овчарова“ во Велес, преку изградба на пристапен објект каде што децата, учениците би можеле да ги извршуваат своите дневни задачи, без пречки имајќи ги во предвид нивните потреби. | | |
| **Недоволно развиена спортска инфраструктура** | Изградба на спортски игралишта, велосипедски и пешачки патеки во Вардарскиот плански регион. | **Работната маса спорт** | |
| **Немање на интерес за спортски активности** | Со изградбата на спортски игралишта и патеки ќе се поттикнат младите за поактивно вклучување во спортот. | **Работната маса спорт** | |
| **Немање на слободни wi-fi зони** | Инсталирање на бесплатни wi-fi зони на јавни површини во Вардарскиот плански регион кадде што постои масовна посетеност од граѓани и туристи. | **Работната маса спорт** | |